# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA


FS 549642

International Chamber of Commerce

ATA carnet

Association of Balkan Chambers

EUROCHAMBRES

B.C.T.P.
Balkan Center for Trade Promotion

EBF European Banking Federation
The Voice of European Banks

eurelectric

FIATA

SECI Southeast European Cooperative Initiative

CEI Central European Initiative

enterprise europe network
Business Support at Your Doorstep

Macedonia Superbrands Partner

Бр.07-2378/1
19.09.2014 год.
Скопје

До
Здружение за економско
истражување и развој
ПРОГРЕС ПЛУС Скопје

Почитувани,

Челичната индустрија во Република Македонија има значајна улога во економијата и извозот на Република Македонија, и поседува висок развоен потенцијал во насока на нејзина диверзификација и повисок степен на финализација.

На состаноците на органите и телата на Стопанската комора на Македонија идентификувана е потреба да се истражи развојниот потенцијал на челичната индустрија, најпрво преку детална дескрипција на постоечката производствената структура на индустријата, и врз основа на таквата анализа да биде идентификувана листа на потенцијалните производи кои бараат најниски фиксни трошоци за нивно имплементирање и комерцијализирање, и во исто време имаат најголема веројатност (најнизок ризик) да се стекнат со компаративна предност во процесот на производство и извоз.

**Со цел да се дефинираат состојбите и предизвиците на челичната индустрија во Република Македонија, потребно е да се спроведе продлабочена анализа на економскиот придонес на челичната индустрија за македонската економија преку примена на инпут - аутпут анализа и проценка на мултипликативното влијание и придонесот на индустријата со користење на економетриска естимација (анализа на т.н. Backward linkages), како и на развојниот потенцијал што го поседува челичната индустријата во процесот на диверзификација на сетот на производи преку отпочнување со производство на нови производи кои според инпутите се слични со постоечките производи (анализа на т.н. Forward linkages).**

За таа цел, Ве молиме да ни доставите Предлог-план и содржина за спроведување на истражување и анализа на развојниот производствен потенцијал на челичната индустрија во Република Македонија, како и условите за изработка на истражувањето (рок на изготвување на анализата, цена, услови за плаќање).

Со почит,

М-р Јелисавета Георгиева,
Извршен директор

Стопанска комора на Македонија Скопје

Изготвил: м-р Татјана Штерјова, стручен соработник
Одобрил: м-р Елена М. Штрбевска, оперативен директор

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk